## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27. 10. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5241 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во петтиот десетдневен период, од 12 до 21 октомври 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет

на мониторинг согласно Методологијата. Радиото емитува вести со времетраење од 1 до 2 минути, на секој половина час, поврзани со најактуелните теми и случувања од земјата и светот.

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

Во анализираниот период емитувани се три премиерни и едно репризно издание на емисијата „Ноќен експрес", едно издание на „Стадион", и три изданија на емисијата „Моја општина".

*„Ноќен експрес"*

На 12 октомври 2016 година, емитувано е премиерно издание на „Ноќен експрес" на тема - Сиромаштија. Гости во емисијата беа: Билјана Дукоска од Македонска платформа за борба против сиромаштија; Жармена Божиновска од списанието „Лице в лице" и Ерџан Садик, дистрибутер на „Лице в лице". Во рамки на емисијата се емитуваше и прилогот на Ване Трајков од Струмица со наслов: „Кога најголема желба е соба со четири ѕида". Сторијата беше посветена на седумчленото семејство Ристови од струмичко Сарај, кое се прехранува со аргатлак и социјална помош од 3.000 денари. Во текот на емисијата се вклучуваа и слушатели кои одговараа на прашања поврзани со темата. Репризното издание беше емитувано на 16 октомври 2016 година.

На 15 октомври 2016 година, се емитуваше репризното издание на „Ноќен експрес" на тема - Стануваме ли нација на сениори? Гости беа: проф. Мирјанка Маџевиќ – од Географскиот институт на ПМФ – демограф и Дона Костуранова од Младинскиот образовен форум (МОФ). Во текот на емисијата реализирани се две одделни интервјуа со Дончо Герасимовски – експерт по демографија и Драги Аргировски – претседател на Сојузот на пензионери на Македонија. Дополнителни теми на кои говореа гостите беа: Која е улогата на младите во владеењето на правото наспроти искуството на повозрасните; преселбите и разочараноста; нивната вклученост или невклученост во политиката; дали само економската состојба во нашата држава е причина за заминување, или има и други, како перспективност, сигурност, вербата во државата; и зошто помладите се помалку се одлучуваат да запловат во брачните води?.

На 17 октомври 2016 година, се емитуваше премиерно издание на „Ноќен експрес" на тема: Близу еден месец радијата и телевизиите не смеат да емитуваат македонска музика по забраната на ЗАМП – Здружението за заштита на авторски музички права. Гости беа: Ѓорги Барбаровски – претставник на ЗАМП, Кокан Димушевски – претставник на СОКОМ-МАП и Иван Мирчевски – директор на Канал 5 и претставник на ММА. Направени се и две одвоени интервјуа, првото со Ранко Петровиќ од скопското радио Буба Мара кој објаснува како се снаоѓа радиото по забраната на ЗАМП, и второто со Горан Гаврилов – управител на националното радио Канал 77, кој го искажува својот став за темата.

На 19 октомври 2016 година, се емитуваше премиерно издание на „Ноќен експрес" на тема - Колку повеќе реформи, толку полошо судство. Гости беа: Маргарита Цаца Николовска – поранешна судијка во Европскиот суд за човекови права во Стразбур и уставен судија на Босна и Херцеговина и Николчо Лазаров – долгогодишен судија и поранешен шеф на кабинетот на министерот за правда Михајло Маневски, а сегашен адвокат. Беше направен и разговор со новинарите Љубиша Станковиќ и Гордана Дувњак, кои активно ги следат случувањата во судството. При крајот на емисијата се разговараше и за изборот на нашиот нов претставник во Судот за човекови права во Стразбур, Јован Илиевски.

*„Стадион“*

Премиерното издание на емисијата „Стадион“ со водителката Весна Коловска беше на 15 октомври 2016 година. Темата беше насловена - „За пораките на Хан“. Водителката се осврна на посетата и пораките на еврокомесарот Јоханес Хан, како и на пораката од амбасадорот Самуел Жбогар, но и на шпекулациите за можните пораки што ќе ги испорача Хан до партиите, пред неговото доаѓање. Беа пуштени тонски снимки од обраќањето на Хан пред новинарите. Водителката читаше извадоци од текстови од интернет порталот „Сакам да кажам“ на Горан Михајловски. Беше презентирана снимка со изјави од Ивона Талевска и Уранија Пировска од средбата на Хан со граѓанските организации, како претставнички на МАН и на Хелсиншкиот комитет. Се емитуваа и изјавите од Катица Јанева, Мендух Тачи и Али Ахмети по средбата со Хан. Во текот на емисијата се вклучуваа слушатели со свои ставови по ова прашање, но наметнуваа и други прашања надвор од темата.

*„Моја општина“*

Емисијата „Моја општина“ содржи краток информативен блок во кој се претставуваат настани и редовни активности на општините. Во извештајниот период беа реализирани три изданија на емисијата „Моја Општина“ кои беа посветени на општините Струмица, Тетово и Куманово. Времетраењето на емисиите е поголемо поради музичките нумери меѓу прилозите.

На 15 октомври 2016 година, во **„Моја општина – Струмица“** (09:36:07–09:51:56) се претставени следниве активности и случувања: Под покровителство на Општина Струмица одржано 37-то Меѓународно рели и рели крос на теренски возила и автомобили на патеката на реката Тркања со натпреварувачи од Македонија, Србија и Бугарија; Јавното претпријатие Комуналец го заменува летното цвеќе со зимско на јавните површини во градот; Промовирана брошура од Центарот на заедницата за проекти реализирани со грантови од Општина Струмица во 2015 година; Преку програмите Г-1 ЛЕР В-2 и социјална заштита, помош добиле 24 здруженија; и информација за тоа дека се поставени 24 летниковци во Струмица и населените места.

На 15 октомври 2016 година, во **„Моја општина – Тетово“** (13:07:37–13:18:15), беа емитувани следниве прилози: за проектот насловен *„Градско дрво“*, кој ќе биде реализиран од Општината и од германската амбасада во Македонија, со кој треба да се придонесе за намалување на загаденоста во градот; за тоа дека Тетово инвестира во улиците и булеварите за олеснување на сообраќајниот метеж. По направени консултации со холандски експерти било решено да се пробијат трите големи булевари во Тетово: Благоја Тоска, Илинденска и Индустрискиот; На крајот од емисијата е емитувана изјава од градоначалничката Теута Арифи во која информира дека Општината ја комплетирала документацијата за булеварот Индустриска и дека проектот е предаден во Министерството за финансии и конкурира во Светската банка за пари.

На 15 октомври 2016 година, во **„Моја општина – Куманово“** (17:16:24 – 17:34:10) се претставени следниве активности и случувања: Зимницата во Куманово се подготвува по рецепт од пред 150 години; На прес-конференција од ЈП Чистота и зеленило, е посочено дека немаат обврска да го чистат и уредуваат просторот пред зградите; Со средства од германската амбасада бил опремен кабинет за моден дизајн во СОУ „Перо Наков“, вредноста на донацијата била 4.000 евра, а од амбасадата биле задоволни што помогнале во стручното училиште, бидејќи Куманово е град на текстилот и чевларството; Над 350 атлетичари по четврти пат биле дел од атлетскиот митинг „11 Октомври“ во организација на АК Куманово со поддршка на Општина Куманово и АФМ; По повод 75 години од Револуционерното востание, бројни делегации положиле цвеќе во Спомен костурницата во Куманово; По повод 11 Октомври и ОУ „11 Октомври“ го прославило патрониот празник и 52 години постоење.

***Сектор за програмски работи***